# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## V КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ОХРИД, 5—7. IX. 1969.

Претходен програм

*Главна тема на Конгресот*

Етничките и националните процеси во нашата земја

*Претконгресна научна активност*

3 и 4. IX. 1969 — Меѓународен симпозиум: Движењето на отпорот во Европа во текот на Втората световна војна;

— Советување на архивските работници на Југославија;

— Симпозиум: Педагошко-методското образование на наставниците по историја;

*Работа на Конгресот*

5. IX. — Претпладне — Свечено отворање на конгресот и работа во пленумот;

Попладне — Работа по секции;

6. IX. — Претпладне — работа по секции

— Попладне — Работа во пленум и собрание на Сојузот на историчарите на Југославија

*Секции:*

I. Антика и среден век;
II. XVI, XVII и XVIII век;
III. XIX и XX век до 1918 г.;
IV. Југославија до 1945.

## Свеченост по повод излегувањето на „Историјата на македонскиот народ“

На 21 април 1969 година во просториите на Клубот на пратениците во Скопје се одржа пригодна свеченост по повод 20-годишнината од формирањето на Институтот за национална историја и излегувањето на првата „Историја на македонскиот народ“.

Заедничкото прославување на 20-годишнината на Институтот и излегувањето на ова капитално дело на македонската историографија не е коенцидентно, туку е резултат на 20 години плодно постоење во кое е вградено многу: труд, надежи и мечтаења на сите оние што работеа и работат како внатрешни или надворешни соработници на оваа наша реномирана институција.

Свеченоста ја отвори директорот на Институтот, академикот Михаило Апостолски. Откако ги поздрави претставниците на општествено-политичките организации и другите гости, накусо ги изнесе најважните настани поврзани со развојот на Институтот. На крајот беа поделени спомен-дипломи на надворешните соработници и на бившите директори. Останува, на крајот, да му честитаме на славеникот и да му посакаме плодна работа во осветлувањето на нашето историско минато, а на авторите на Историјата да им изразиме благодарност за непроценливата услуга направена на македонскиот народ.

*Х.М.*